РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2024/2
25-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 68-та седница одржана на ден 20.05.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2024/1 од 27.05.2021 година, со наводи за неосновано вработување и незаконско дејствување во Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделието, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата, поради тоа што во пријавата нема елементи за коруптивно однесување а ДКСК има постапено по пријави со исти наводи и има донесено одлуки од своја надлежност.

Предметот со број 12-2024/1 од 27.05.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 27.05.2021 година, поднесена е пријава со наводи за неосновано вработување и незаконско дејствување во Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделието, а по која е оформен предмет број 12-2024/1 од 27.05.2021 година. Во пријавата се наведува дека директорот на Агенцијата ја злоупотребувал својата положба и неосновано вработувал лица а исто така и недомаќински располагал со средствата.

При разгледувањето на предметната пријава, ДКСК констатира дека во пријавата нема елементи за корупривно однесување и во истата се содржани наводи по кои ДКСК има постапено по предмети заведени под број 12-821/1 од 22.02.2021 година и предмет број 12-5535/1 од 08.01.2021 година, а по кои има донесено одлуки од своја надлежност, број 12-821/3 од 04.11.2021 година и 12-5535/2 од 08.01.2021 година, кои се објавени на веб страницата на Комисијата.

Врз основа на констатираното, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: К.Н.,член на ДКСК